

Скопје, 08/11/2018, бр.08-6824/2

# ПРЕДАВАЊЕ И ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НОВ ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ПРОЦЕНКА НА РИЗИК

Настан по повод предавање и пуштање во употреба на Систем за проценка на ризик кој ќе се користи во Генералниот Даночен инспекторат за одредување на ризични даночни обврзници кај кои ќе се врши контрола.

Новиот Систем за проценка на ризик обезбедува објективна селекција на даночните обврзници за контрола, при што значително се намалува човечкиот фактор а со тоа и субјективноста во процесот на селекција на даночните обврзници за контрола.
Со употребата на овој Систем се очекува зголемување на ефикасноста на надворешните контроли од причина што предмет на надворешната контрола ќе бидат само оние даночни обврзници кои ќе бидат утврдени како ризични. На овој начин ресурсите на Управата за јавни приходи ќе се користат многу поефикасно односно истите ќе бидат сразмерно и соодветно насочени спрема утврдениот ризик.
Во досегашната пракса во Управата за јавни приходи се користеа полуавтоматизирани процеси и софтвер за вршење на анализа на ризик, а со новиот систем се овозможува речиси целосна автоматизација на овие процеси.
Системот содржи критериуми за ризик кои се всушност софтверски имплементирани правила врз основа на кои се генерира листа на ризичните обврзници за контрола. Овие правила се сет на математички и логички алгоритми кои вршат споредба и впарување на расположивите податоци од базата на податоци на Управата за јавни приходи, а се изготвени врз основа на најдобрите меѓународни практики и искуства кои се адаптирани на македонскиот даночен систем.
Софтверот е донација од Австриската Агенција за развој и Австриската фирма wedoIT solution и според проценката на донаторот вредноста на донацијата изнесува 360 илјади евра. Согласно договорот за донација за УЈП не произлегуваат обврски кон донаторот а софтверот може да се користи исклучиво за потребите на УЈП.

По денешното пуштање во употреба ќе следи негово тестирање во реални случаи односно ќе се користи за селекција на даночни обврзници за контрола, а од 01 јануари 2019 година софтверот ќе влезе во редовна употреба, како основен но не и единствен механизам за селекција на даночните обврзници за контрола.